# *Општи информации за програмата „Гипсер-монтер“*

БИЗНИС ЦЕНТАР
ЗА ТРЕНИНГ И ОБУКА
BUSSINES CENTER FOR
TRAINING AND EDUCATION
Модули на доживотно учење
*Акредитирани програми од*
*Министерството за образование и наука*
*на Република Македонија*

Целта на програмата е учесниците да стекнат знаење, вештини и компетенции за работа со гипс-картонски елементи. Учесниците во теоретскиот дел се запознаваат со различните системи на изведби со гипс картонски плочи како и начините на изведба на тавани и ѕидови. Поголем дел од програмата е практична настава преку која учесниците во реални услови ги извршуваат зададените задачи.

На крајот на успешно реализираната обука кандидатите стекнуваат Сертификат акредитиран од Министерството за образование и наука со кој се потврдува работната оспособеност за струката.

Максимален број на учесници во една група е 8-14 луѓе.

Програмата се состои од 75 часа теорија и 165 часа практична настава.

По завршување на програмата учесникот е способен да:

- прима, класифицира и складира материјали за работа;
- применува прописи и мерки за заштита при работа;
- распознава конструктивни системи, елементи во зградите и конструктивни системи;
- употребува и одржува алат, прибор и електричен алат за сува градба;
- обработува ГКП и ги подготвува површините за обработка;
- подготвува лепаци и смеси за фугирање и глетување;
- обложува ѕидани и бетонски ѕидови и тавани со лепење на гипскартонски плочи (суво малтерисување) и со метална потконструкција;
- монтира преградни ѕидови и спуштени тавани со метална потконструкција;
- поставува подконструкција и обложува поткровје со ГКП;
- организира работа во работилница и на градилиште;
- чита едноставни изведувачки цртежи, скици, проекти и опис на работите од областа на занимањето;
- изработува едноставни модели и шаблони;
- пресметува потребни количини на материјал за изведба на монтерските работи.

Во врска со уписите и другите детали поврзани со програмата контактирајте со нас на долу наведените контакти.

Симона Ристоска
+ 389 2 3244067
simona@mchamber.mk

Борис Тримчев
+ 389 72 20 70 91
boris@mchamber.mk